## 100 ГОДИНИ - ВОДОВОД
## НИЕ ПОСТОИМЕ ЗА ВАС

Европската повелба за води вели: ,,Водата е општо наследство, чија вредност мора сите да ја познаваат. Задача на секој од нас е водата грижливо да ја користи''.

Затоа во секоја пригода кога се користи водата треба да се потсетиме на некои корисни совети за да дадеме свој придонес во напорите за зачувување на овој скапоцен ресурс.

- Затворете ги чешмите додека ги миете рацете и забите.
- Користете го тушот 5 минути помалку.
- Машините за миење садови и алишта употребувајте ги целосно наполнети.
- Наводнувајте ги само тревните површини и не ја распрскувајте водата по патека или улица.
- Наводнувајте ги ноќе или рано изутрина, за да го избегнете испарувањето.
- Одгледувајте растенија кои бараат помалку вода.
- Наместо да го миете овошјето и зеленчукот под силен млаз, оставете ги да отстојат во сад полн со вода.
- Користете ја водата само кога навистина ви треба. Секогаш затворете ја чешмата кога ќе завршите со работа.

Да се обезбеди здрава и чиста вода од природен извор како што е изворот Рашче е вистинска реткост во Европа. Само жителите на неколку европски метрополи го уживаат благодетот кој го имаат скопјани.

**Затоа да ја штедиме водата за да ја имаме за навек.**

ВОДОВОД СКОПЈЕ 1907



ВОДОВОД СКОПЈЕ

Кома Lab.

# 100 ГОДИНИ - ВОДОВОД

## ЈП Водовод и канализација - Скопје



ВОДОВОД СКОПЈЕ

**Во седмата година од третиот милениум, ЈП ,,Водовод и Канализација'', го прославува своето 100-годишно постоење.**

Јубилејот е сведоштво на традицијата и богатото искуство кои континуирано беа пренесувани од генерација на генерација во работењето на скопскиот водовод.

Следењето на новите трендови и напредокот на технологијата значат и постојани залагања на ЈП,,Водовод и Канализација'' за подобрување на квалитетот на водоснабдување за 550.000 жители на градот Скопје.

Во долгите години на нашето постоење сме постигнале многу:

- изградба на првата каптажа Рашче 1 (4м³/сек)
- изградба на два главни челични цевководи (ϕ 1600мм)
- изградба на каптажа Рашче 2 (1м³/сек)
- вкупна издашност на изворите (4,15м³/сек)
- изградба на бунарски подрачја Нерези и Лепенец со капацитет (1,45м³/сек)
- изградба на 4 хлоринаторски станици
- изградба на 23 препумпни станици
- изградба на 33 резервоари
- изградба на 6 хидрофорски постројки
- изградба на 8 фекални пумпени станици
- изградба на 3 атмосферски пумпени станици
- изградба на современа лабораторија за испитување
- одржување на градските фонтани
- снабдување со квалитетна вода за пиење на 140.000 семејства и 5000 фирми
- експлоатација и одржување на околу 975.274м водоводна мрежа
- експлоатација и одржување на вкупно 746.000м канализациона мрежа
- годишно производство на вода 100.000.000м³
- најголемо дневно производство во текот на најголемите летни горештини 326.000м³

Ќе направиме уште повеќе:

- почнавме со замена на постоечките азбестцементни цевки
- доизградба на магистрална водоводна и каналска мрежа
- автоматизација на работењето на водоводниот систем
- трансформација на одделот за информирање на граѓани во ,,кол центар'' (call centre)
- модернизирање на пумпените станици

**Сите минати и идни активности на нашиот тим имаат една цел: навремено обезбедување квалитетна, хемиски и бактериолошки исправна, а пред сѐ здрава питка вода за Вас и Вашите деца.**

100-годишниот јубилеј го посветуваме на сите наши корисници и конзументи на здравата изворска вода со која го опслужуваме градот Скопје и општините поврзани на градскиот водоводен систем.





**НИЕ ПОСТОИМЕ ЗА ВАС**